Книга 4 ОДУ бр. 579/16
ИЗВОД

Република Македонија
НОТАР
Цеват Бучи
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.11-лок 1а
ДТЦ Мавровка, Скопје

Н О Т А Р С К И А К Т

Записник од седница на годишно Собрание на акционери на

СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз увоз Скопје одржана на ден 24.04.2016 година

---------- НОТАРСКИ АКТ ----------

Скопје,24.04.2016----------

(ден дваесет и четврти, мјесец април, две илјади и шеснаесетта година)----------

Јас, помошник Нотар Сандра Јањиќ на Нотар Џеват Бучи, со службено седиште на Бул. Гоце Делчев број 11-лок.1 а /ДТЦ Мавровка Скопје, потврдувам дека по барање за водење на записник на седница на годишно Собрание на акционери од Претседателот на Управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје Сашо Давитковски од 22.04.2016 година (во понатамошниот текст Друштвото), со седиште на ул. Ѓорче Петров бр. 7 Скопје, на денешниот ден, во Ресторан 14 на ул. Лондонска бб, присуствував на седница на годишно Собрание на акционерите на Друштвото во својство на записничар, и согласно член 73 од Законот за нотаријат (Службен весник на Република Македонија број 55/07, 86/08 и 139/09) и член 407 од Законот за трговски друштва(Службен весник на Република Македонија број 28/04,84/05,25/07,87/08,42/10,48/10 и 24/11) го составив следниот:----------

----------З А П И С Н И К----------

----------ОД ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво----------

----------во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз увоз Скопје----------

Седницата беше закажана со почеток во 12,00 (дванаесет)часот, а започна со работа во 12(дванаесет) часот и 50(педесет) минути. Пред отпочнувањето на седницата на Собранието на акционери на мое барање ми беше предочена следната документација:----------

Акционерска книга на Друштвото од 22.04.2016 година, во која се евидентирани акционерите на Друштвото со вкупен број на обични акции од 70937.----------

Тековна состојба на Друштвото број 0805-50/150120160025424 издадена на ден 18.04.2016 година од страна на Централниот регистар на Република Македонија-Регионална регистрациона канцеларија во Скопје,----------

Јавен повик за одржување на годишно Собрание на акционерите на Друштвото, објавен согласно Законот за трговски друштва во весникот Слободен печат од 31.03.2016 и Вечер на ден 13.04.2016 година и Слободен печат на ден 07.04.2016 година со кое се повикуваат акционерите на Друштвото да присуствуваат на закажаната седница на Собранието на Друштвото на ден 24.04.2016 година со почеток од 12,00 часот----------

Список на присутни акционери и полномошници на акционери со број на акции,----------

Незаверени **Полномошна**,(сите прилог кон овој записник)----------

Пред самиот почеток на седницата на Собранието, изготвениот Список на акционери пријавени за учество на Собранието им беше даден на присутните акционери да го верификуваат истиот со свој потпис.-

Од Списокот на присутните акционери се констатира дека се присутни акционери кои поседуваат 57155 обични акции или изразени во проценти 91,24 %.----------

Седницата на Собранието ја отвори г-дин Драган Наумовски, кој го предложи процедуралниот дел од дневниот ред и тоа:----------

I.Процедуралниот дел на денешниот дневен ред:----------

1. Кворум----------
2. Избор на претседавач на седницата на Собранието----------
3. Избор на бројачи на гласнови, ----------
4. Избор на Нотар за водење на Записникот на Собранието----------

За збор се јави г-дин Петар Трајковски полномошник на Елеонора Марковска и побара верификуван Записник и копија од истиот.----------

За збор се јави г-дин Ацо Дудулоски кој побара верификуван список.----------

По ова се повикаа присутните да извршат увид во списокот на акционери. Увид изврши само г-дин Ацо Дудулоски.----------
За збор се јави г-дин Петар Трајковски кој посочи дена согласно чл. 391 ст. 5 имаат право на на увид и копие од списокот. Достави и копие од Сл. Весник страна 5 од Законот за трговски друштва и посочи дека во чл. 2 има промена со која мора да поминат најмалку 30 дена од ден на објавување на Повик за свикување до одржување на Собранието, исто така се обрати на членовите на управниот одбор и побара копирање на материјалите и истакна дека не ги добил.----------
На ова г-дин Ѓеорги Димитров одговори дека нема ништо спорно во тоа бидејќи ова собрание е свикано во време кога важел претходниот Закон. Датумот на објавување на Законот во службен весник е 31.03.2016 но нивна редовна пракса е самата објава реално да е после овој датум и затоа настануваат проблеми.----------
Потоа се премина на првата точка на дневен ред----------
1. По првата точка од процедуралниот дел г-дин Предраг Милосављевиќ за бројачи на гласови ги предложи Ленче Јовчевска и Лидија Панчевска Ивковиќ кои беа изгласани и тоа
за Лечне Јовчевска гласаа 36006 гласови или 62,99%, воздржани гласаа 4392 гласови или 7,68%, против нема. ----------
за Лидија Панчевска Ивковиќ гласаа 46868 гласови или 82,00%, воздржани гласаа 6 гласови или 0,01%, против нема. ----------
2.Избор на претседавач на седницата на Собранието----------
За претседавач на Собранието г-ѓа Бети Кољозова го предложи Ѓеорги Димитров додека г-дин Ацо Дудулоски го предложи г-дин Младен Дамев. Потоа се премина на гласање.----------
за Ѓеорги Димитров гласаа 37378 гласови или 65,40%, против гласаа 6935 гласови или 12,13% и воздржани гласаа 21 гласови или 0,04% . ----------
По ова гласање г-дин Ацо Дудулоски го повлече својот предлог за претседавач на Собранието----------
По ова г-дин Ѓеорги Димитров кој беше избран за претседавач на Собранието ги поздрави присутните и даде воведен збор за целта и потребата од свикувањето на ова Собрание, појасни дека повикот со дневниот ред беше објавен во дневниот печат СЛОБОДЕН ПЕЧАТ на 31.03.2016 година, и на интернет станицата на Скопски Пазар АД и на интернет страницата на Македонска Берза. Во законски утврдениот рок на ден 06.04.2016 година поднесено е барање за измена и дополнување на објавениот дневен ред, со предлог Одлуки од страна на г-дин Сашо Давитковски кои исто така се објавени во дневниот печат СЛОБОДЕН ПЕЧАТ на 07.04.2016 година, и на интернет станицата на Скопски Пазар АД и на интернет страницата на Македонска Берза како Ревидиран дневен ред.Во законски предвиден рок на ден 07.04.2016 година поднесено е барање за усвојување на нов Ревидиран дневен ред со предлог Одлуки по точките на веќе објавениот ревидиран дневен ред од 07.04.2016 година од страна на на г-дин Ѓорѓија Велков и Радмила Јовиќ Камчевска. Барањето е објавено на ден 08.04.2016 година на интернет сајтот на Скопски Пазар АД Скопје и на интернет страницата на македонската берза за хартии од вредност . Во законски утврдениот рок на ден 07.04.2016 година поднесено е барање за измена и дополнување на објавениот дневен ред , со вклучување на нови точки по веќе објавениот ревидиран дневен ред од 07.04.2016 година , со предлог одлуки од страна на акционерот СОВРЕМЕН ДОМ АД ПРИЛЕП . Барањето е објавено на ден 13.04.2016 година во дневниот весник Вечер како дополнување на ревидираниот дневен ред, интернет сајтот на Скопски Пазар АД Скопје и на интернет страницата на македонската берза за хартии од вредност . Кон тоа акционерот СОВРЕМЕН ДОМ АД Прилеп на истиот ден 07.04.2016 година , достави и писмени прашања во врска со деветнаесеттото годишно собрание на акционерите . Истите се објавени на интернет сајтот на Скопски Пазар АД на ден 15.04.2016 година со одговор на поставените прашања . ----------
За збор се јавија г-дин Ацо Дудулоски и г-дин Ѓорѓија Велков кои истакнаа дека дневниот ред не е во согласност со чл. 384 од Законот за Трговски Друштва и Статутот на друштвото и повикаа да не се гласа за тој дневен ред.----------
Се премина кон гласање за утврдување на дневниот ред на Собранието и акционерите со 37535 гласови за или 65,67%, воздржани гласаа 32 гласови или 0,05%, и против гласаа 7783 гласови или 13,61% го изгласаа Ревидираниот дневен ред.----------

По што г-дин Ѓорѓија Велков побара да се гласа и за предложениот дневен ред од негова страна по што се гласаше и со 7934 гласови за или 13,88%, воздржани гласаа 25 гласови или 0,04%, и против гласаа 34904 гласови или 61,07% не го доби потребното мнозинство.----------

3. За нотар записничар се констатира помошник Нотар Сандра Јањиќ на Нотар Цеват Бучи, Нотар за подрачјето на Основните судови на град Скопје за водење на записникот на оваа седница на Собранието.---

На збор се јави г-дин Ацо Дудулоски кој постави прашање зошто за некои точки од дневниот ред се по две Одлуки, и истакна дека г-динот Ѓоргија Велков нема дадено предлог за нови точки туку барал нов нов дневен ред.----------

Претседавачот на Собранието г-дин Георги Димитров одговори дека одлуките се две затоа што за одредени точки покрај иницијалната предлог одлука беа предложени и одлуки спротивни на истата што е уредно ставено на дневен ред..----------

На збор се јави г-дин Ѓорѓија Велков кој истакна дека имало прашања на минатото Собрание меѓутоа не добил одговор. ----------

Избраниот претседавач Георги Димитров продолжи со работата на седницата на Собранието и го предложи работниот дел од Седницата со следниот----------

---------- Д Н Е В Е Н Р Е Д----------

1. Донесување Одлука за усвојување на Записникот од работењето на собранието на Акционери на Скопски Пазар АД одржано на ден 20.04.2015 година. ----------

2. Донесување Одлука за Усвојување на годишна сметка за 2015 година, со предлог одлуки:----------

- Се усвојува годишна сметка за 2015 година со остварените резултати од работењето.----------
- Одлука за неодобрување на годишна сметка за 2015 година.----------

3. Донесување Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2015 година со предлог одлуки:--------

- Се усвојуваат финансиските извештаи за 2015 година на Друштвото.----------
- Одлука за неодобрување на финансиските извештаи за 2015 година.----------

4.Донесување Одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година,со предлог одлуки:----------

- Се усвојува годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година во целина со покажаните позитивни резултати на Друштвото .----------
- Одлука Не се одобрува годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година.-
- Одлука за неодобрување на годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година.----------

5. Донесување одлука за усвојување на извештајот на Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРТОН Скопје од извршената ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година,----------

6. Донесување Одлука за распределба на добивката и употреба на чистата добивка за 2015 година со предлог одлуки:----------

-Одлука Чистата добивка односно нето добивката по одаточување во износ од 35.066.208,00 денари остварена во 2015 година, целосно се распределува во Резерви за реинвестирана добивка----------

-Одлука Не се врши распределба на добивката и употреба на чистата добивка за 2015 година----------

7. Донесување Одлука за враќање на средствата од резервите за откуп на сопсвтени обични акции и од резервите за вложување во инвестициски фондови, во средства за акумулирана добивка со предлог одлука:----------

-Непотрошените средства од минатите години издвоени за резерви за откуп на сопствени акции во висина од 15.000.000,00 денари да се распоредат и вратат во средствата за акумулирана добивка Непотрошените средства од минатите години издвоени за резерви за вложување во инвестициски фондови во висина од 17.230.721,00 денари да се распоредат и вратат во средствата за акумулирана добивка----------

8. Донесување Одлука за распределба на одаточените средства од акумулираната добивка остварена од претходните години со предлог одлуки:----------

-Одлука Средства од одаточената акумулирана добивка остварена во минатите години во вкупен износ од 335.855.912,00 денари да се распределат за следни намени: ----------

а резерви за откуп на сопсвени акции 150.000.000,00 денари----------
а резерви за вложување во инвестициски фондови 60.000.000,00 денари----------
а дивиденда на приоритетни акции 2.850.000,00 денари----------
Одлука Средствата од одаочената акумулирана добивка остварена во минатите години во вкупен
износ од 335.855.912,00 денари да се распределат за следни намени: ----------
а дивиденда на обични акции 173.646.825,00 денари----------
а дивиденда на приоритетни акции 39.203.175,00 денари----------
). Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на управниот одбор (колективно и
поединечно), со предлог одлуки:----------
Одлука Се одобрува работата на членовите на управниот одбор и водењето на работата на членовите
на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година колективно и на секој поединечно----------
Одлука Не се одобрува работата на Управниот одбор за 2015 година колективно и поединечно----------
10. Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на надзорниот одбор (колективно и
поединечно), со предлог одлуки:----------
Одлука Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор и водењето на работата на членовите
на Надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година колективно и на секој поединечно--------
Одлука Не се одобрува работата на Надзорниот одбор за 2015 година колективно и поединечно----------
11. Донесување Одлука Отповикување на член на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје, со
следната предлог Одлука:----------
Се отповикува г-дин Звоко Стојчев од функцијата член на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје
12. Донесување Одлука Избор на член на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје, со следната
предлог Одлука:----------
Се избира г-дин Димитар Џеков за член член на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје----------
13. Донесување Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и
финансиските ивештаи во 2016 година, со следниот предлог: ----------
Одлука Се назначува Ревизорската куќа Грант Тортон Скопје за овластен ревизор за вршење на ревизија
на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски Пазар АД Скопје за 2016 година----------
14. Донесување Одлука за отуѓување на сопствени акции по пат на јавна понуда со следната предлог
одлука----------
-Одлука За отуѓување на 800 приоритетни акции без право на глас по продажна цена од 8.500,00 денари
по акција----------
15. Донесување Одлука за купување на обични сопствени акции по пат на јавна понуда со следната
предлог одлука----------
- Да се изврши откуп на максимум 5000 обични сопствени акции по минимална цена која не може да
биде под номиналниот износ од 3.092,00 денари по акција, односно максимум паричен износ од
30.000,00 денари по акција----------
16. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда и за утврдување на датумите за исплата за 2015
година со следните предлог одлуки:----------
Одлука- Согласно одлуката на Управниот одбор на Друштвото донесена на седница одржана на ден
23.03.2016 година предложената дивиденда по акција во нето износ ќе изнесува:----------
за обични акции 0 денари по акција, односно 0% од номиналната вредност----------
за приоритетни акции 186,00 денари по акција, односно 6% од номиналната вредност----------
Одлука- Согласно одлуката за распределба на средства од одаочена акумулирана добивка остварена во
претходните години на акционерите да им се исплатува дивиденда за 2015 година и тоа:----------
за обични акции 2.771,96 денари во бруто износ за 1 акција, ----------
за приоритетни акции 2.834,85 денари во бруто износ за 1 акција----------
Избраниот претседавач Георги Димитров пред да продолжи со работа појасни дека за одредени точки од
дневниот ред има две предлог одлуки (за усвојување и против усвојување) и предложи да се гласа еднаш
поточно доколку за Одлуката гласаат поголем број гласови за контра предлогот да не се гласа. ----------
Предлагачите Ѓоргија Велков и СОВРЕМЕН ДОМ не се сложија туку инсистираа за истото да се изјаснат
случај по случај.----------

Избраниот претседавач Ѓеорѓи Димитров продолжи со работата на седницата на Собранието по првата точка на дневниот ред:----------

1. Предлог Одлука: Се усвојува на Записникот од работењето на собранието на Акционери на Скопски Пазар АД одржано на ден 20.04.2015 година. ----------.

По оваа точка за збор се јави г-дин Ацо Дудуловски кој истакна дека согласно Законот не е во надлежност на Собранието да се усвои Записникот од претходното Собрание и дека не треба да се гласа.----------

По ова се премина кон гласање и со 37059 гласови за или 64,84%, против гласаа 20356 или 35,62% воздржани нема.----------

За збор се јави Г-дин Шиповиќ Велимир и побара за време на гласање да не се слика и зато се премина кон прегласување. На оваа констатација Претседавачот на Георги Димитров побара да се прегледаат сликите и доколку има слики од гласање да се избришат и повторни се стави на гласање и со 36742 гласови за или 64,28%, против гласаа 10589 или 18,53% воздржани 35 гласови или 0,06%, Записникот СЕ УСВОИ.----------

За збор се јави г-дин Ацо Дудуловски кој побара тајно гласање за 6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16 точка----------

При што Претсевадачот Георги Димитров отвори расправа за избор на комисија за тајно гласање. Г-дин Мефаил Арслани даде Предлог за членови на комисијата и ги предложи Г-ѓа Снежана Ристова-Грифуноска за претседател на комисијата, додека како членови г-ѓа Даниела Гацева и г-ѓа Бети Кољозова. Г-дин Ацо Дудуловски бара да се дополни претходниот предлог со г-дин Димитар Џеков и Гоце Јаневски на што Г-дин Мефаил Арслани не се согласи. Предлогот на г-дин Мефаил Арслани се стави на гласање:----------

За гласаа 47119 гласови за или 82,44%, против гласаа 1652 или 2,89% воздржани нема----------

Предлогот на г-дин Ацо Дудуловски се стави на гласање:----------

За гласаа 19035 гласови за или 33,5%, против гласаа 36290 или 63,49% воздржани нема----------

Со 47119 гласови за или 82,44%, се изгласа комисија за тајно гласање со членовите **Г-ѓа Снежана Ристова-Грифуноска за претседател на комисијата, додека како членови г-ѓа Даниела Гацева и г-ѓа Бети Кољозова**

2. Донесување Одлука за Усвојување на годишна сметка за 2015 година, со предлог одлуки:----------

- Се усвојува годишна сметка за 2015 година со остварените резултати од работењето.----------

- Одлука за неодобрување на годишна сметка за 2015 година.----------

По оваа точка на дневниот ред во дискусија лицата: Велимир Шиповиќ, г-дин Васко Митев, г-дин Костовски Мирослав, Петар Трајковски и Ацо Куцуловски побараа појаснување од Управниот одбор како ке се раздолжат и по кои каматни стапки се кредитите а има продажба на имот...Кој имот, Како ке се излезе од оваа финансиска ситуација, Дали за кредитите и продажбите имаат Одлука од Собрание. На што г-дин Сашо Давитковски посочи писмено да ги постават прашањата и ке добијат писмен одговор, на што пак останатите кажаа дека и минатата година било така но дека одговор немале добиено и истакнаа дека одговор им е потребен сега за да можат да донесат одлука и да гласаат како и дека доколку реално се каже состојбада дека можеби ке инвестираат повеќе пари за да се излезе од таквата состојба. Г-дин Димитар Џеков истакна дека од ревизискиот извештај се гледа дека има краткорочни и долгорожни кредити кои се преку 10.000.000,00 Евра и затоа е потребно да се одговори веднаш Истакна дека од добивката се гледа дека се работи во загуба и мора да се најде начин за излез од таа ситуација и да не се гласа бидејќи можеби се во заблуда. Збор побара и Ѓорѓија Велков кој праша зошто се оттуѓи капитал што не требаше и какви се обврските према вработените. За збор се јави Смајовиќ Есад кој кажа дека е запознат со ситуацијата во која се наоѓа претпријатието и дека мораше да се инвестира за да бидат Акционери, и посочи дека не може колку пари да се даваат колку што сакаат други. Г-дин Васко Митев истакна дека мора да добијат информација каде се парите, бидејќи има поединци кои не се вработени но се акционери, дека друштвото е пред стечајна фаза-плати намалени што значи помала дивиденда и за нас надворешните а друштвото плаќа високи камати. Во меѓувреме Верификуваните списоци на присутни акционер се изготвени и сите што побараа ги подигнаа истите. Г-дин Васко Митев побара да се одговори дали ополномоштените лица присутни на Собранието се лица со конфликт на интереси согласно чл. 392А од Законот за трговски друштва, дали се вработени или не и какви се нивните полномошна бидејќи на интернет страната на друштвото не е објавено дали има конфликт на интереси. При што Георги Димитров дозволи увид во полномошното. Г-дин Куцуловски Ацо истакна дека Друштвото е случајно во добра позиција на пазарот со добра пазарна вредност на Акција. Г-дин Ацо Дудуловски истакна дека ако има конфликт на интереси тогас

тие лица не треба да гласаат и да им се одземат нивните гласови и праша зошто трошоците се зголемени од лани и зошто се земени пари како аванс и предложи оваа Одлука да не се усвои.----------
По ова се заврши дискусијата по оваа точка на дневен ред и се премина на гласање за одлуката - Се усвојува годишна сметка за 2015 година со остварените резултати од работењето.----------
за гласаа 35690 или 62,44%, впротив гласаа 18214 или 31,87% воздржани нема.----------
се премина на гласање за одлуката за неодобрување на годишна сметка за 2015 година----------
за гласаа 18985 или 33,21%, впротив гласаа 21081 или 36,88% воздржани нема.----------
со што не се усвои оваа одлука.----------
Се усвојува годишна сметка за 2015 година со остварените резултати од работењето со 35690 или 62,44% гласови ЗА, се усвои.----------
3. Донесување Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2015 година со предлог одлуки:--------

- Се усвојуваат финансиските извештаи за 2015 година на Друштвото.----------
- Одлука за неодобрување на финансиските извештаи за 2015 година.----------
По однос на оваа точка за збор се јави г-дин Ацо Дудулоски кој повторно праша дали ке му се одговори на прашањата. Исто така побара одговор на прашањето Зошто се зголемени расходите и дали тоа се должи на каматите од кредитите бидејки земени се во 2015 година а трошени се во 2016 и за што се потрошени. Побара да се направи структура на земени аванси и дали е намалена активата за 9%, зошто е намалена и зошто се зголемени обврските за даноци во износ од 26.000.000,00 денари, на што му се одговори дека сите одговори ке ги добијат написмено. По што г-дин Ацо Дудулоски истакна да не се гласа за одлуката бидејки немаат одговор. Г-дин Васко Митев истакна дека сака целата дискусија да се стави на записник. По ова се заврши дискусијата по оваа точка на дневен ред и се премина на гласање за одлуката - Се усвојуваат финансиските извештаи за 2015 година на Друштвото.----------
за гласаа 36279 или 63,47%, впротив гласаа 18467 или 32,31% воздржани нема.----------
По гласањето Претседавачот на Собранието ги праша предлагачите на втората одлука дали сакаат да се гласа за неа или ја повлекуваат. Предлагачите ја повлекоа Олкуката и истакнаа дека се откажуваат од гласање. ----------
Се усвојуваат финансиските извештаи за 2015 година на Друштвото со 36279 или 63,47% гласови ЗА, се усвои.----------
4.Донесување Одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година,со предлог одлуки:----------
- Се усвојува годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година во целина со покажаните позитивни резултати на Друштвото .----------
- Одлука Не се одобрува годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година.-
- Одлука за неодобрување на годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година.----------
Претседавачот на седницата на Собранието отвори дискусија по оваа точка на дневен ред. За збор се јави Г-дин Васко Митев кој истакна дека гледа нови кредити од банките во износ од 10.000.000,00 Евра но согласно Законот за трговски друштва чл. 455 за да се задолжи Друштвото потребна е одлука од Собрание и додаде дека други друштва и за кредити со помала вредност имаат одлуки од Собрание како и дека тоа не се зделки од минатата година. Г-дин Шиповиќ Велимир истакна дека не знае зошто не е објавено дека се земаат кредити и зошто не се информирани сите акционери како и дека во проспектот на Скопски Пазар АД Скопје има информации стари 14 години, дека има лажни податоци на берза му се обрати на г-дин Арсов Сашо и побара одговор дали тој смета дека Друштвотоима добро корпоративно управување. г-дин Арсов Сашо кажа дека корпоративното управување е всушност однос помеѓу вработените но и дека Друштвото има има наследена ситуација со поранешни вработени со акции и истакна дека по него управувањето е законско. Г-ѓа Снежана Ристова Трифуноска одговори на прашањето на г-дин Васко и истакна дека за секое поединечно задолжување објава е направена. Г-дин Ацо Дудулоски појасни дека во врска со извештајот од 2015 година дека според Законот за трговски друштва чл. 384 ст. 7 дека не е вклучено политика на дивиденда, ризик, основна главнина и дека ги нема изгледите за развој на АД во 2016 година. Побара одговор од Управниот Одбор на друштвото за тоа зошто се намалени приходите за 35%во 2015 година, дека трошоците се намалени од 29%и тоа најмногу кај вработените бидејки околу 90 лица заминале од

друштвото бидејќи не добивале плата. Истакна дека во новиот извештај нема политика на дивиденда и дека некои ја земале пред време, најпрво се дели на Управниот одбор а потоа на оние кои ке ја побараат дивидендата. Исто така нема информација за продажба на објекти и кои објекти се продадени во 2015 година како и проценка на вредноста на имотот. Истакна дека во извештајот има невистини и побара да не се гласа одлуката. Г-дин Џеков Димитар посочи дека намалени се обртите, коефициентот е намален,како и стапката за приходни средства и истакна дека тоа не соодејствува со насловот стабилни вредност? Г-дин Васко Митев посочи дека еден кредит е 6.000.000,00 Евра што е 50% од капиталот и дали и каде се искористени како и колкава е кредитната изложеност бидејќи е земена позајмица од ЕНЕРЏИ. На наведените прашања писмено ке се одговори. По ова се заврши дискусијата по оваа точка на дневен ред и се премина на гласање за одлуката - Се усвојува годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година во целина со покажаните позитивни резултати на Друштвото.----------

за гласаа 36338 или 63,57%, против гласаа 18975 или 33,10% воздржани нема.----------

По гласањето Претседавачот на Собранието ги праша предлагачите на втората одлука дали сакаат да се гласа за неа или ја повлекуваат. Предлагачите ја повлекоа Олкуката и истакнаа дека се откажуваат од гласање. ----------

Се усвојува годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД Скопје во 2015 година во целина со покажаните позитивни резултати на Друштвото со 36338 или 63,57% гласови ЗА, се усвои.----------

5. Донесување одлука за усвојување на извештајот на Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРТОН Скопје од извршената ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година,----------

За збор се јави г-дин Шиповиќ кој побара објаснување од ревизорот дали во извештајот податоците се тие и дали има други. На прашањето Ревизорот г-дин Марјан Андонов истакна дека предмет на ревизија се финансиските извештаи, дека се е спроведено согласно Закон за Ревизија што значи дека Ревизорот извештаите ги добил и тој ги нотификува. Потоа г-дин Ацо Дудуловски истакна дека согласно член 384 од Законот за трговски друштва за годишното Собрание за оваа точка на дневен ред не треба да се гласа само да се разгледа но не и да се гласа. Затоа истакна дека не треба да се стави на гласање бидејќи извештајот го усвојува Управниот Одбор на Друштвото.----------

По ова се заврши дискусијата по оваа точка на дневен ред и се премина на гласање за одлуката - Одлука за усвојување на извештајот на Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРТОН Скопје од извршената ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година.----------

за гласаа 36349 или 63,59%, против гласаа 5814 или 10,17% воздржани нема.----------

Одлука за усвојување на извештајот на Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРТОН Скопје од извршената ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 36349 или 63,59% гласови ЗА, се усвои.----------

Претседавачот на собранието се произнесе дека од оваа точка на дневниот ред тајно ќе се гласа по барање на господин Ацо Дудуловски , ги повика службните да го подготват материјалот за тајно гласање и отвори дискусија за следната точка ----------

6. Донесување Одлука за распределба на добивката и употреба на чистата добивка за 2015 година со предлог одлуки:----------

Одлука Чистата добивка односно нето добивката по одаочување во износ од 35.066.208,00 деанри остварена во 2015 година, целосно се распределува во Резерви за реинвестирана добивка----------

Одлука Не се врши распределба на добивката и употреба на чистата добивка за 2015 година----------

За збор се јави господин Ѓорѓија Велков и истиот истакна дека тоа што се предлага се случува по втор пат во животот , да не се исплати дивиденда на акционери. Тие и органите на управата нека мислат за состојбата на друштвото . Во распределба за дивиденда , оваа година нема дивиденда за акционери кои се невработени . Г-дин Ацо Дудуловски истакна дека овие средтва се за инвестиции и го повика г-дин Сашо Јавитковски да се изјасни дали мисли дека со добивката Скопски Пазар АД Скопје ќе ги исполни своите амбиции за Битпазар, пазарчето во Лисиче итн. Дали ќе бидат доволни и колкава е инвестицијата на пазарот во Битпазар . Г-дин Ацо Дудуловски во ова излагање истакна дека на ова собрание на акционери нема никаква трансапрентност бидејќи не се дава одговор на ниедно прашање . На тоа г-дин Сашо Јавитковски се произнесе дека на сите поставени прашање ќе биде доставено писмен одговор . ----------

Се премина на тајно гласање за одлуката : Одлука Чистата добивка односно нето добивката по одаочување во износ од 35.066.208,00 денари остварена во 205 година, целосно се распределува во Резерви за реинвестирана добивка. По гласањето Комисијата ја отвори кутијата со гласовите и се премина кон броење на гласови . Сите се оддалечија од масата и на истата се пребројуваа . ----------
По пребројувањето видно е следното : подигнати се 85 листови, 15 се неупотребени и се ставени во посебен плик . Од останатите 70 листови, 69 се поплнети, 1 е непополнето и 4 се неважечки . ----------
За гласаа 35848 или 62,72%, против гласаа 6280 или 10,98% воздржани 5 или 0,008%.----------
Одлука Чистата добивка односно нето добивката по одаочување во износ од 35.066.208,00 денари остварена во 205 година, целосно се распределува во Резерви за реинвестирана добивка со 35848 или 62,72% **ЗА** се усвои . ----------
Претседавачот на собранието сите ливчиња со записникот со потписи ги стави во плик и го затвори пликот по што го предаде на нотарот кој го потпиша истиот.----------
По гласањето Претседавачот на Собранието ги праша предлагачите на втората одлука дали сакаат да се гласа за неа или ја повлекуваат. Предлагачите ја повлекоа Олкуката и истакнаа дека се откажуваат од гласање. ----------
7. Донесување Одлука за враќање на средствата од резервите за откуп на сопствени обични акции и од резервите за вложување во инвестициски фондови, во средства за акумулирана добивка со предлог одлука:----------
-Непотрошените средства од минатите години издвоени за резерви за откуп на сопствени акции во висина од 15.000.000,00 денари да се распоредат и вратат во средствата за акумулирана добивка.----------
Непотрошените средства од минатите години издвоени за резерви за вложување во инвестициски фондови во висина од 17.230.721,00 денари да се распоредат и вратат во средствата за акумулирана добивка----------
Претседавачот ја отвори дискусијата по оваа точка и по истата за збор се јави г-дин Ацо Дудуловски , кој во неговото излагање истакна дека средствата што се од минатата година распределени до сега истите не се вратени . Истакна дека нема формирано фонд за откуп на сопствени акции и поради тоа ваква распределба не може да има . Од 2007 година до 2015 година компанијата ги купувала акциите од фонд што не постои и побара да му се одговори која е целеисходноста од оваа одлука кога веќе има распределено средства . Предложи да не се гласа за оваа одлука бидејќи е спротивна на статутот на друштвото и законот . ----------
На ова излагање на г-дин Ацо Дудуловски , од г-дин Јован Јовановски му беше одговорено дека тие средства се распределени од изминатата година и не се употребени и се вратени . Одлуката трае една година за да нема проблеми и истите средства може да бидат искористени и оваа година . ----------
Се премина на тајно гласање за одлуката : Одлука Непотрошените средства од минатите години издвоени за резерви за откуп на сопствени акции во висина од 15.000.000,00 денари да се распоредат и вратат во средствата за акумулирана добивка. По гласањето Комисијата ја отвори кутијата со гласовите и се премина кон броење на гласови . Сите се оддалечија од масата и на истата се пребројуваа . ----------
По пребројувањето видно е следното : подигнати се 83 листови, 17 се неупотребени и се ставени во посебен плик . Од останатите листови, 63 се пополнети, 19 е непополнето и 1 е неважечко . ----------
За гласаа 36321 или 63,55%, против гласаа 203 или 0,35% , воздржани 60 или 0,10%.----------
-Непотрошените средства од минатите години издвоени за резерви за откуп на сопствени акции во висина од 15.000.000,00 денари да се распоредат и вратат во средствата за акумулирана добивка 36321 или 63,55% **ЗА** се усвои . ----------
Претседавачот на собранието сите ливчиња со записникот со потписи ги стави во плик и го затвори пликот по што го предаде на нотарот кој го потпиша истиот.----------
По гласањето Претседавачот на Собранието ги праша предлагачите на втората одлука дали сакаат да се гласа за неа или ја повлекуваат. Предлагачите ја повлекоа Олкуката и истакнаа дека се откажуваат од гласање. ----------
8. Донесување Одлука за распределба на одаочените средства од акумулираната добивка остварена од претходните години со предлог одлуки:----------
Одлука Средства од одаочената акумулирана добивка остварена во минатите години во вкупен износ од 335.855.912,00 денари да се распределат за следни намени: ----------

за резерви за откуп на сопсвени акции 150.000.000,00 денари----------
за резерви за вложување во инвестициски фондови 60.000.000,00 денари----------
за дивиденда на приоритетни акции 2.850.000,00 денари----------
-Одлука Средствата од одаложената акумулирана добивка остварена во минатите години во вкупен износ од 335.855.912,00 денари да се распределат за следни намени: ----------
за дивиденда на обични акции 173.646.825,00 денари----------
за дивиденда на приоритетни акции 39.203.175,00 денари----------
Претседавачот ја отвори дискусијата по оваа точка и по истата за збор се јави г-дин Шиповиќ Велимир кој побара да се одговори Зошто се одвојуваат толку средста за фондови а зошто толку за сопствени акции и дали Управниот Одбор има посебна анализа за оваа распределба и додаде дека доколку се донесе Одлуката таа ке биде беспредметна бидејќи Скопски Пазар АД Скопје не ке може да врши откуп. Г-дин Сашо Давитковски одговори дека ке се одговори писмено. За збор се јави г-дин Васко Митев кој истакна дека првата предложена одлука е смешна и нелогична бидејќи Друштвотото нема повеќе од 25000 Евра а сака преку 3.500.000,00 Евра за откуп на сопствени акции. Потенцираше дека нема да се вратат кредити за да се откупат сопсвени акции до 10% од главнината а веке поседува 0,26% повеќе од законски дозволеното. По што постави прашање Од каде овие средства? Дали ке се продаваат деловни простори за на крај се помал број на акции да има за гласање а да се зголеми моќта на одредени акционери? Исто така посочи дека ако се вратат кредитие, добивката ке се зголеми двојно. Затоа бара за таа одлука да се гласа против и посочи дека доколку се обезбедат средства да се вратат позајмици и кредити. Г-дин Јобван Јованоски посочи дека за сите прашања ке се произнесе писмено. За збор се јави г-дин Петар Трајковски и праша дали Управниот одбор го информирал акционерското членство дека минатата година при обид да се купат сопствени акции надлежен суд издал времена мерка за забрана на откуп на сопсвени акции со јасно образложение дека причината за таа мерка е раководството на Друштвото како купувач на сопствени акции и ги поништи истите. Практично ги фрлиле парите во вода. Во истиот предмет судот донел пресуда за ништовност на Одлуката за купување на сопствени акции. Посочи дека оваа година е полошо, дека Скопски Пазар АД Скопје го достигна законскиот лимит за откуп. Дали Управниот Одбор знае за својата одговорност дека новиот откуп е спротивен на Законот и дека целокупниот износ на средствата одвоени за откуп ке се фрлат во Вардар. Истакна дека бара одговор во писмена форма. Г-дин Ацо Дудулоски зема збор и посочи дека Одлуката е незаконска бидејќи е постигнат лимитот на Скопски Пазар АД Скопје. Скопски Пазар АД Скопје секоја година плаќа камата на тие пари со кои се купени тие акции, за да може да има поголемо учество. Праша од каде ке се обезбедат тие средства? За својот предлог појасни дека треба да се сложат сите и да се врати вложеното и дека доколку не се донесе одлуката сега ваква шанса нема да добијат. На ова Г-ѓа Слободанка Ристовска истакна дека постојано слуша совети и постави прашање Современ Дом да каже како со толку мал капитал и лоша ликвидност успеа да влезе во Друштвото и посочи дека ако толку не чини бараат овде и се закануваат со кривични пријави веќе 4 месеци. Истото се случувало и во Карпош-се купувало, се превземала фирмата за да се сруши фабриката се со цел да се направи населба. Овие луѓе имаат повеќе од 35 години стаж и не се случило да се работи против акционерите, Законот дозволува откуп на сопсвени акции за да го заштитат Скопски Пазар АД Скопје и да ги ангажираат како советници. Дополни дека секоја идеа е добродојдена и сите знаат како се заработува, затоа нека се повлечат и да дојдат во фирмата да се разговара. За збор се јави г-ѓа Снежана и кажа дека акумулираната добивка ке се употреби за исплата. Г-дин Ацо Дудулоски зема збор и истакна дека за Современ Дом резултатите се одлични-од2003 дфо 2015 со почетни 3.000.000.00 Евра сега се 20.000.000,00 Евра и дека намерите се чесни. Дека ова не е фарса ни сценарио и дека во работењето на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор на Друштвото има недоследности, не работат транспарентно. Купувањето и продавањето на акции се слободни. Истакна дека верува во фирмата но не и во менаџментот и затоа нема повеќе да купува акции. Одговори од минатата година нема. Г-дин Васко се јави за збор и предложи да не се прифати Одлуката и праша дали знаат колку данок на добивка ќе се плати на оваа сума за да се откупат сопсвени акции. Г-ѓа Слободанка Ристовска одговори дека данок е платен, само мал дел не е платен и истакна дека на непотрешениот дел не се плаќа данок.----------

Се премина на тајно гласање за одлуката : Одлука Средства од оданочената акумулирана добивка остварена во минатите години во вкупен износ од 335.855.912,00 денари да се распределат за следни намени: ----------
за резерви за откуп на сопсвени акции 150.000.000,00 денари----------
за резерви за вложување во инвестициски фондови 60.000.000,00 денари----------
за дивиденда на приоритетни акции 2.850.000,00 денари----------.
По гласањето Комисијата ја отвори кутијата со гласовите и се премина кон броење на гласови . Сите се оддалечија од масата и на истата се пребројуваа . ----------
По пребројувањето видно е следното : подигнати се 78 листови, 22 се неупотребени и се ставени во посебен плик . Од останатите листови, 58 се пополнети, 28 се непополнети. ----------
За гласаа 35618 или 62,32%, против гласаа 320 или 0,56% , воздржани нема.----------
За збор се јави г-дин Ацо Дудулоски кој предложи утре да се продолжи со Собранието меѓутоа бидејки Г-дин Мефаил Арслани истакна дека нема да може утре да дојде и затоа се отфрли предлогот. ----------
се премина на гласање за одлуката: -Одлука Средствата од оданочената акумулирана добивка остварена во минатите години во вкупен износ од 335.855.912,00 денари да се распределат за следни намени: ----------
за дивиденда на обични акции 173.646.825,00 денари----------
за дивиденда на приоритетни акции 39.203.175,00 денари----------
По гласањето Комисијата ја отвори кутијата со гласовите и се премина кон броење на гласови . Сите се оддалечија од масата и на истата се пребројуваа . По пребројувањето видно е следното : подигнати се 75 листови, 25 се неупотребени и се ставени во посебен плик . Од останатите листови, 54 се пополнети, 21 се непополнети. ----------

За гласаа 18081 или 31,65%, против гласаа 35328 или 61,81% , воздржани нема. Со тоа оваа одлука не се усвои.----------
Одлука Средства од оданочената акумулирана добивка остварена во минатите години во вкупен износ од 335.855.912,00 денари да се распределат за следни намени: ----------

за резерви за откуп на сопствени акции 150.000.000,00 денари----------
за резерви за вложување во инвестициски фондови 60.000.000,00 денари----------
за дивиденда на приоритетни акции 2.850.000,00 денари----------
со 35618 или 62,32% ЗА се усвои. ----------

Претседавачот на собранието сите ливчиња со записникот со потписи ги стави во плик и го затвори пликот по што го предаде на нотарот кој го потпиша истиот.----------
За збор се јави Г-дин Ацо Дудулоски и го повлече предлогот за тајно гласање. Со што се премина на јавно гласање.----------
Претседавачот на Собранието пред да се отвори расправата за предложи за следните две точки да се гласа за одлуката колективно меѓутоа да се запише и смета за секој член поединечно со што се согласија сите.-----
9. Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на управниот одбор (колективно и поединечно), со предлог одлуки:----------
Одлука Се одобрува работата на членовите на управниот одбор и водењето на работата на членовите на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година колективно и на секој поединечно----------
Одлука Не се одобрува работата на Управниот одбор за 2015 година колективно и поединечно----------
Претседавачот ја отвори дискусијата по оваа точка и по истата никој не се јави за збор.----------

Се премина на гласање за одлуката - Одлука Се одобрува работата на членовите на управниот одбор и водењето на работата на членовите на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година колективно и на секој поединечно.----------

За гласаа 37611 или 65,89%, впротив гласаа 16617 или 29,07% воздржани нема.По гласањето Претседавачот на Собранието ги праша предлагачите на втората одлука дали сакаат да се гласа за неа или ја повлекуваат. Предлагачите ја повлекоа Олкуката и истакнаа дека се откажуваат од гласање. ----------

Одлука Се одобрува работата на членовите на управниот одбор и водењето на работата на членовите на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година колективно и на секој поединечно со 37611 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------

Одлука Се одобрува работата на членот на управниот одбор и водењето на работата на членот Сашо Давитковски на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 37611 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------

Одлука Се одобрува работата на членот на управниот одбор и водењето на работата на членот Тошо Давитковски на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 37611 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------

Одлука Се одобрува работата на членот на управниот одбор и водењето на работата на членот Слободанка Ристовска на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 37611 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------

Одлука Се одобрува работата на членот на управниот одбор и водењето на работата на членот Јован Јовановски на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 37611 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------

Одлука Се одобрува работата на членот на управниот одбор и водењето на работата на членот Боце Славков на управниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 37611 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------

10. Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на надзорниот одбор (колективно и поединечно), со предлог одлуки:----------

-Одлука Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор и водењето на работата на членовите на Надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година колективно и на секој поединечно--------
-Одлука Не се одобрува работата на Надзорниот одбор за 2015 година колективно и поединечно----------

Претседавачот ја отвори дискусијата по оваа точка и по истата никој не се јави за збор.----------
се премина на гласање за одлуката - Одлука Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор и водењето на работата на членовите на Надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година колективно и на секој поединечно.----------

за гласаа 37661 или 65,89%, против гласаа 16790 или 29,37% воздржани нема.----------
По гласањето Претседавачот на Собранието ги праша предлагачите на втората одлука дали сакаат да се гласа за неа или ја повлекуваат. Предлагачите ја повлекоа Олкуката и истакнаа дека се откажуваат од гласање. ----------
Одлука Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор и водењето на работата на членовите на Надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година колективно и на секој поединечно со 37661 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------
Одлука Се одобрува работата на членот на надзорниот одбор и водењето на работата на членот Предраг Милосављевиќ на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 37611 или

65,89% гласови ЗА, се усвои.----------
Одлука Се одобрува работата на членот на надзорниот одбор и водењето на работата на членот Сашо Арсов на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 37611 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------
Одлука Се одобрува работата на членот на надзорниот одбор и водењето на работата на членот Звонко Стојчев на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје за 2015 година со 37611 или 65,89% гласови ЗА, се усвои.----------
11. Донесување Одлука Отповикување на член на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје, со следната предлог Одлука:----------
Се отповикува г-дин Звонко Стојчев од функцијата член на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје Предлог Одлука за распределба на нето добивка за 2015 година,----------
За збор се јави г-дин Ацо Дудулоски кој истакна дека оваа одлука се однесува против г-дин Звонко Стојчев против кого немам ништо против бидејќи добро си ја врши работата меѓутоа има право да предложи член во надзорен одбор. Посочи дека треба да се прифати предлогот, бидејќи заслужува едно место.----------
се премина на гласање за одлуката ----------

за гласаа 17956 или 31,41%, против гласаа 37657 или 65,88% воздржани нема.----------
одлуката не го доби потребното мнозинство. ----------
12. Донесување Одлука Избор на член на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје, со следната предлог Одлука:----------
Се избира г-дин Димитар Џеков за член член на надзорниот одбор на Скопски Пазар АД Скопје----------
Предлог Одлука за распределба на нето добивка за 2015 година,----------
За збор се јави г-дин Ацо Дудулоски кој ја повлече оваа точка од дневен ред.----------
13. Донесување Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските ивештаи во 2016 година, со следниот предлог: ----------
Одлука Се назначува Ревизорската куќа Грант Тортон Скопје за овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски Пазар АД Скопје за 2016 година----------
За збор се јави г-дин Ацо Дудулоски кој истакна дека оваа ревизорска куќа е 7-8 години и дали има промена на ревизорите бидејќи една ревизорска куќа може само 7 години да врши ревизија. Г-ѓа Снежана Ристова Трифуноска одговори дека може да врши ревизија и повеке од тоа.----------
се премина на гласање за одлуката ----------

за гласаа 47942 или 83,88%, против нема воздржани нема.----------
Одлука Се назначува Ревизорската куќа Грант Тортон Скопје за овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски Пазар АД Скопје за 2016 година со 47942 гласови или 83,88% за, се усвои.----------
14. Донесување Одлука за отуѓување на сопствени акции по пат на јавна понуда со следната предлог одлука----------
Одлука За отуѓување на 800 приоритетни акции без право на глас по продажна цена од 8.500,00 денари по акција----------

За збор се јави Г-дин Шиповиќ Велимир кој побара написмено да се објасни анализата врз основа на која се определи цената за продажба.----------
се премина на гласање за одлуката ----------

за гласаа 37657 или 65,88%, против гласаа 17961 или 31,42% воздржани нема.----------
Одлука За отуѓување на 800 приоритетни акции без право на глас по продажна цена од 8.500,00 денари по акција со 37657 гласови или 65,88% за, се усвои.----------
15. Донесување Одлука за купување на обични сопствени акции по пат на јавна понуда со следната предлог одлука----------
- Да се изврши откуп на максимум 5000 обични сопствени акции по минимална цена која не може да

биде под номиналниот износ од 3.092,00 денари по акција, односно максимум паричен износ од 30.000,00 денари по акција----------

За збор се јави Г-дин Ацо Дудулоски кој постави прашање дали Управниот и Надзорниот одбор сметаат дека оваа точка од дневниот ред е законита и дека ги наведуваат акционерите да гласаат по незаконита точка. И посочи дека доколку ја искористат одлуката тогаш ќе надмине 10% и со тоа ќе се прекрши Законот и поради тоа не треба да се гласа за оваа одлука. Г-дин Предраг Милосављевиќ истакна дека одлуката се смета за законита бидејќи претходно се носи одлука за продажба на приоритетни акции, чија реализација портфолиото на Друштвото ќе падне под 10%, а Одлуката за купување на обични сопствени акции гласи на максимум 5000 акции за што Надзорниот одбор ке води сметка. Согласно чл. 333 од Законот до 10% Управниот Одбор преиспитува кога конкретно ќе се одлучи да купува и колку доколку има вишок истиот ке се продаде.----------

се премина на гласање за одлуката ----------

за гласаа 37661 или 65,89%, против гласаа 17961 или 31,42% воздржани нема.----------

Да се изврши откуп на максимум 5000 обични сопствени акции по минимална цена која не може да биде под номиналниот износ од 3.092,00 денари по акција, односно максимум паричен износ од 30.000,00 денари по акција со 37661 гласови или 65,89% за, се усвои.----------

16. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда и за утврдување на датумите за исплата за 2015 година со следните предлог одлуки:----------

Одлука- Согласно одлуката на Управниот одбор на Друштвото донесена на седница одржана на ден 23.03.2016 година предложената дивиденда по акција во нето износ ќе изнесува:----------

за обични акции 0 денари по акција, односно 0% од номиналната вредност----------

за приоритетни акции 186,00 денари по акција, односно 6% од номиналната вредност----------

Одлука- Согласно одлуката за распределба на средства од оданочена акумулирана добивка остварена во претходните години на акционерите да им се исплатува дивиденда за 2015 година и тоа:----------

за обични акции 2.771,96 денари во бруто износ за 1 акција, ----------

за приоритетни акции 2.834,85 денари во бруто износ за 1 акција----------

Бидејќи никој не се јави за збор се премина на гласање за Одлука- Согласно одлуката на Управниот одбор на Друштвото донесена на седница одржана на ден 23.03.2016 година предложената дивиденда по акција во нето износ ќе изнесува:----------

за обични акции 0 денари по акција, односно 0% од номиналната вредност----------

за приоритетни акции 186,00 денари по акција, односно 6% од номиналната вредност----------

за гласаа 37661 или 65,89%, против нема воздржани нема со што одлуката не се усвои.----------

Бидејќи никој не се јави за збор за оваа Одлука се премина на гласање за Одлука- Согласно одлуката за распределба на средства од оданочена акумулирана добивка остварена во претходните години на акционерите да им се исплатува дивиденда за 2015 година и тоа:----------

за обични акции 2.771,96 денари во бруто износ за 1 акција, ----------

за приоритетни акции 2.834,85 денари во бруто износ за 1 акција----------

за гласаа 17927 или 31,36%, против гласаа 37657 или 65,88% воздржани нема.----------

Одлука- Согласно одлуката на Управниот одбор на Друштвото донесена на седница одржана на ден 23.03.2016 година предложената дивиденда по акција во нето износ ќе изнесува:----------

за обични акции 0 денари по акција, односно 0% од номиналната вредност----------

за приоритетни акции 186,00 денари по акција, односно 6% од номиналната вредност со 37661 гласови или 65,89% за, се усвои.----------

За збор се јави Г-дин Петар Трајковски кој истакна дека Управниот одбор треба во законскиот рок да одговори на сите поставени барања и даде забелешка дека тоа било писмено гласање а не тајно бидејќи се пишуваа бројот на гласовите на ливчето и со тоа смета дека Одлуките не се по Закон донесени.----------

----------**ОДЛУКИТЕ се составен дел на овој Записник** ----------

Претседавачот на седницата потоа констатира дека точките по дневниот ред се исцрпени и ја прогласи седницата на Собранието за завршена.----------

Седницата на Собранието заврши во 00,45 (четириесет и пет минути по полноќ часот) на ден 25.04.2016 година----------

Потврдувам дека овој нотарски акт лично го составив и му го прочитав на Претседавачот на седницата на Собранието и дека ги предупредив на правните последици од ова правна работа.----------

Учесникот во постапката изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од ова правна работа и дека содржината од овој правен акт одговара во целост на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието.----------

Овој нотарски акт е составен на 6 страни од 6 листа. На странката и се издадени три извода додека Изворникот на нотарскиот акт се чува во мојата архива.----------

Нотарска такса по тарифен број 28 од Законот за судски такси е пресметана во износ од 500 денари.-----

Нотарска награда е пресметана согласно чл. 44 и чл. 57 ст. 1 и 2 во износ од 25.500,00 денари.----------

За учесникот, Претседавач, Георги Димитров с.р

НОТАР

ЦЕВАТ БУЧИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРИВОЈНИК - НОТАР
САНДРА ЈАЊИЌ
Предадено на основните судови на градот Скопје

НОТАР
ЦЕВАТ
БУЧИ
СКОПЈЕ